Даринка ПАЧЕМСКА

# УЛОГАТА НА НАПРЕДНИТЕ СТУДЕНТИ ВО СТРУЧНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО ГОДИНИТЕ СПРОТИ АПРИЛСКАТА ВОЈНА (1938—1941)

Во периодот меѓу двете светски војни во Југославија постоеја три универзитети: Белградскиот, Загребскиот и Љубљанскиот. Филозофскиот факултет во Скопје беше основан 1920 година како составен дел на Белградскиот универзитет. На овој факултет доаѓале да го оформат своето високо образование пред сè слушатели од Македонија, јужните делови на Србија, Црна Гора, Косово, но ги имало и од другите краеви на Југославија. Извесен број на слушатели на Факултетот уште во средните училишта биле вклучени во напредното младинско движење и ги имале прифатено револуционерните идеи, други пак на самиот факултет ја започнувале својата ревулуционерна активност и се вклучувале во напредното студентско движење. Активноста на напредните студенти на Филозофскиот факултет во Скопје станала позабележителна од учебната 1935/36 година[1]. Тогаш тие започнуваат организирано да истапуваат, а веќе во наредната учебна година под името „народни студенти" или „Обединета студентска младина" стануваат иницијатори и аниматори на народното студентско движење на овој факултет, а во исто време и организатори и предводници на борбата против студентите националисти, љотиќевци и други реакционерни елементи. Во последната година пред војната наместо дотогашниот Клуб на народни студенти, раководната улога на един-

1) Во оваа група од напредни студенти во споменатата година биле: Душко Поповиќ, Блажо Орландиќ, Данило Лекиќ, Руменка Хаџи Панзова, Видосава Обрадовиќ, Вуко Павичевиќ, Апостол Апостолов, Саво Драгојевиќ, Димитрије Ѓоковиќ, Божидар Нилевиќ, Васо Алигрудиќ, Динев Ристо, Ускоковиќ Стеван, Драгутин Брајовиќ и др. (Драгутин Брајовиќ подоцна во 1939 година бил исклучен од КПЈ како фракционер — Петкомилетиќевец)

ственото студентско движење преминува на партиската и скоевската организација на факултетот[2].

Борбата на напредните студенти за создавање на единствено револуционерно студентско движење се одвивала низ разни форми и активности на самиот факултет: борба со студентите националисти за преземање на управите во сите студентски здруженија, привлекување на неутралните и политички сè уште неопределените студенти во борбата за зачувување и проширување на автономијата на универзитетот — факултетот, за подобрување на економско-социјалната положба на студентите, подготвување и одржување на разни приредби, во чии програми биле вклучувани реферати, предавања, разни трудови со револуционерен и социјален карактер. Меѓутоа, напредните студенти се ангажирале и во организирањето на студентската младина и за нејзино вклучување во заедничката борба на сите демократски и прогресивни сили надвор од Факултетот, преку разни демонстрации, штрајкови и други манифестации во кои барале отфрлање на реакционерниот режим, демократизација на внатрешно-политичкиот живот во земјата, го искажувале незадоволството против профашистичката ориентација на владата на Југославија, барале воспоставување пријателски односи со Советскиот Сојуз, им давале поддршка на демократските и прогресивните сили во светот во борбата против фашизмот и сл.

Согледувајќи го фактот дека целокупната активност на студентите на Факултетот успешно може да се одвива преку студентските здруженија и друштва, напредните студенти, иако малубројни, уште во 1935/36 година ја започнале борбата за нив. Во почетокот тие влегувале во управите на друштвата кои биле во рацете на студентите националисти, ја парализирале работата на последните, а потоа во погоден момент успевале да ги земат целосно управите во свои раце. Биле инициајтори и за создавање на нови студентски здруженија и друштва. Во зависност од објективните и субјективните фактори оваа борба на напредните студенти се одвивала во повеќе фази. Сепак факт е дека таа давала позитивни резултати, а веќе во учебната 1938/39 година успехот бил потполн, напредните струденти ги имале во свои раце управите на сите студентски здруже-

---

2) Архив на Институот за национална историја, Скопје (АИНИ), Белешки од состанокот со учесниците во народната револуција за бившата Скопска околија, одржан на 3—9. II 1958 г. во Скопје, ракопис. (Искажувања на Деса Миљовска, стр. 4—7, 10—12); Славка Фиданова Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ го Скопје и околијата во годините спроти Априлската војна, Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1979, с. 304—309; Благоја Корубин, Македонските студенти на скопскиот Филозофски факултет во учебната 1940—1941, Скопје во НОВ 1941, Скопје 1973. с. 57—59.

нија, освен во пеачкото друштво „Обилиќ" во кое, пак била парализирана работата на националистите и љотиќевците. Во 1940 година управата и на ова друштво преминала во рацете на напредните студенти[3].

На Филозофскиот факултет во Скопје постоеле повеќе здруженија: Потпорно и репрезентативно здружение на студентите, стручни, културни, уметнички и спортски. Значајно место им припаѓало на стручните здруженија. Токму затоа напредните студенти на Белградскиот универзитет уште на 10 VI 1934 година формирале акционен одбор на стручните студентски здруженија, како раководно и координационо тело на сите стручни здруженија, а во исто време имал и репрезентативна улога пред универзитетските власти[4]. Ова, секако, имало големо влијание врз борбата на напредните студенти на Филозофскиот факултет во Скопје за преземање на управите на стручните здруженија и за развивање на една забележителна активност во нив, особено по 1938 година.

Во споменатиот период на овој факултет постоеле и имале организационен живот и активност повеќе стручни здруженија и друштва: Географско-етнографското студентско друштво „Јован Цвијиќ", Студентското историско друштво, Здружението на студентите по германски јазик и книжевност, Студентското педагошко-филозофско здружение, Стручното студентско здружение за српско-хрватски јазик и книжевност[5].

Секое од горенаведените друштва имало посебни правила, т.е. статут, кои морале да бидат во согласност со Општата уредба на универзитетот и уредбата за здружување на слушателите на универзитетот. На молба од пропишан најмал број молители правилата ги одобрувал Советот на филозофскиот факултет во Скопје. Тие морале да го содржат името и печатот, целите и задачите на друштвото или здружението, правата и должностите на членовите, начинот на изборот на управните тела, нивните должности и права формите преку кои ќе се одвива активноста, односот спрема факултетските власти итн[6].

---

3) Архив на Македонија, Скопје (АМ), фонд, Филозофски факултет, Скопје, к. 44 — Студентски здруженија, Записник са годишње скупштине ЈАПД „Обилић", одржане 31. I 1940.

4) Милица Дамјановић, Напредни покрет студената Београдског Универзитета,књ. друга, Београд 1974, с. 117—122; Мирољуб Васиќ, Револуционерни омладински покрет у Југославије 1929—1941. Београд 1977, с. 253—254.

5) Имињата на стручните студентски здруженија се наведени според нивните печати од 28 ноември 1939 година, преведени на македонски.

6) АМ,Скопје ф. Филозофски факултет, к. 44: Правила Географског-етнографског удружења „Јован Цвијиќ", Правила Југословенског историског друштва на Филозофском факултету у Скопљу, бр. 2442/34, Правила Клуба германиста на Филозофском факултету у Скопљу, бр. 2329/35. Правила студентског педагошко-филозофског удружења, бр. 1041/39, Правила студентског удружења за српско-хрватски језик и књижевност на Филозофском факултету у Скопљу.

Стручните студентски здруженија и друштва требало да помогнат на нивните членови — слушатели на Факултетот што поуспешно да го совладаат наставното градиво од соодветната специјалност, да развиваат љубов и интерес кон струката, да ги поттикнуваат на самостојни истражувања и на изнесување на резултатите, да ја развиваат творечката способност, да собираат материјали кои се однесуваат на соодветната специјалност и сл. Меѓутоа, овие здруженија можеле да се искористат и за развивање на други активности. Напредните студенти сакале на сета оваа нивна активност да и дадат прогресивен и револуционерен карактер. Тоа можеле да го остварат во целост ако ги имаат во свои раце нивните управи.

Географско-етнографското друштво и Историското студентско друштво биле основани најрано. Географско-етнографското студентско друштво постоело од почетокот на 1929 година, односно под режимот на Диктатурата па се до априлската војна. Меѓутоа, целокупната негова активност во првите години морала да одговара на режимот и била организирана претежно од студентите националисти. Но во годините кога се зголемил бројот на напредните студенти на факултетот се осетило нивното поголемо влијание и во ова друштво. Во неговата управа биле вклучени одделни напредни студенти и во годините пред 1938 година. Во последните години напредните студенти, во чии раце се наоѓала управата, настојувале да им дадат нова ориентација на неговите активности да внесат нова содржина во програмите и сл.

Историското студентско друштво било основано во текот на 1931 година. До 1938 година тоа било едно од најактивните друштва. Особена активност бележи во текот на 1932/33 година кога во изведувањето на научните екскурзии се ангажирал професорот д-р Франц Месеснел[7]. Голем број студентски трудови биле изработени и прочитани во текот на 1933/34 година[8]. Во учебната 1936/37 година се намалил бројот на редовните слушатели на историската група. Требало да се направат големи напори да се обезбеди потребен број членови за да може да опстане ова друштво. По иницијатива на претседателот и секретарот на друштвото на годишното собрание биле повикани и студентите од класичниот семинар и благодарение на нивниот одзив бројот бил пополнет, па друштвото мажело да го продолжи својот организационен живот[9]. Претседателот на ова

---

7) АМ, цитиран фонд, к. 44, Извештај о годишњем раду студентског историског друштва на Филозофском факултету у Скопљу, октобар 1933 (Професорот д-р Франце Месеснел загинал во НОБ).

8) АМ, цитиран фонд, к. 44, Студентско историско друштво — Деканату Филозофског факултета, Скопље 12. XI 1934, (Извештај).

9) АМ, цитиран фонд, к. 44, Годишен извештај о раду „Историског друштва" у току школске 1936/37 г., бр. 34, 20. XI 1937.

друштво припаѓал на оние студенти кои им давале полна поддршка на акциите на напредните студенти на Факултетот[10]. Благодарение на ова Историското студентско друштво и во оваа учебна година забележало големи успеси во неговата активност. Меѓутоа во следната 1938 година, поради опаѓањето на бројот на студентите, друштвото морало да ја прекрати својата работа. Сепак и во овој случај не изостанала ангажираноста на напредните студенти за одржување на постојните и за формирање на нови друштва. Со нивна помош во ноември 1939 година било обновено Историското студентско друштво и биле набележани неговите задачи во наредниот период[11].

Во периодот за кој зборуваме не настанале некои суштински промени во целите и задачите на споменатите две друштва но се промениле, во извесна смисла, средствата и начинот на организирањето на активностите што требале да дадат подруги резултати. Наместо дотогашните приредби — матинеа во факултетот и научните екскурзии, што биле изведувани во околината на Скопје, требало да се организираат такви екскурзии низ целата Македонија. Особено се инсистирало Географско-етнографското друштво да го сврти својот интерес кон Македонија, да се проучуваат нејзините географско-етнографски карактеристики и сл. Понатаму овие екскурзии да бидат пропратени и со културно уметнички програми[12]. Историското студентско друштво преку организирањето на таквите приредби низ Македонија требало да собере средства за организирање и изведување на научни екскурзии и данвор од земјата[13]. Меѓутоа, под форма на една ваква активност, всушност, се спроведувале ставовите на КПЈ и СКОЈ за зголемување на политичкото влијание сред широките маси, за поврзување на прогресивните сили од градот и селото, за проширување на соработката и за меѓусебно запознавање за заедничка борба на студентската, средношколската работничката и селската младина. Напредните студенти имале за задача културно и идејно просветување на масите, а овие форми биле мошне погодни за исполнување на истата.

Здружението на студентите по германски јазик и книжевност, при неговото основање кон крајот на декември 1935 година носело име „Германистички клуб". Името било проме-

---

10) Претседател на Студентското историско друштво во текот на 1936/37 година бил студентот Томо Томоски, денес редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

11) АМ, цитиран фонд, к. 44, Записник с Прве редовне оснивачке скупштине студентског историског друштва при Филозофском факултету у Скопљу, 21. XI 1939.

12) АМ, цитиран фонд, к. 44, Записник с редовне годишње скупштине Географског друштва „Јован Цвијић", одржане 12. XI 1940.

13) АМ, цитиран фонд, к. 44, Записник с прве редовне оснивачке скупштине студентског историског друштва при Филозофском факултету у Скопљу 21. XI 1939.

нето во текот на 1939 година, секако по интервенција на напредните студенти во него, бидејќи тоа можело да асоцира на сè она што е германско, а во дадениот период кога фшизмот во Германија и надвор од неа се закануваше на сите демократски и прогресивни сили во светот, не било многу прифатливо. Факт е дека уште при основањето на ова друштво неговите членови во поголем број биле од редот на напредните и неутралните студенти. Оттаму маже да се објасни и присуството на напредните студенти во управата на ова друштво и пред 1938 година. Од оваа година па до крајот на неговото постоење неговата управа била во рацете на напредните студенти. Покрај основните задачи и цели: давање помош на членовите за стручно образование, поттикнување интерес кон германскиот јазик и книжевност, собирање граѓа и чување во архивата на друштвото и сл., тоа друштво во последните години од неговото постоење пред секој негов член поставило задача" да работи на одржувањето на автономијата на Факултетот, како најважен услов за напредокот на сите друштва"[14].

Останатите две стручни студентски здруженија: Здружението за српско-хрватски јазик и книжевност и Студентското педагошко-филозофско здружение биле основани и ја развивале својата активност во годините кога напредните студенти на Филозофскиот факултет во Скопје успеале да станат раководна сила на целокупното студентско движење. Иницијативата за основањето на Здружението за српско-хрватски јазик и книжевност била покрената во есента 1937 година, а Советот на Факултетот ги одобрил правилата на истото и тоа можело да се формира. Дали вакво друштво било основано во текот на 1938 година, не можеме со сигурност да утврдиме, но најверојатно дошло до некои проблеми во неговата работа или околу преземањето на неговата управа[15]. Во април 1939 година, по иницијатива на напредните студенти и со нивно конкретно ангажирање, било одржано основачко собрание. На него претседавал Беќо Башиќ, а во дискусиите и во работата на истото активно учествувале и Радован Ковачевиќ и Алекса Ивановиќ. Во новоизбраната управа влегле напредни студенти. На ова, како и на следното годишно собрание одржано во ноември 1939 година, гореспоменатите тројца студенти го покренале

---

14) АМ, цитиран фонд, к. 44, Записник са годишње скупштине Клуба германиста, одржане 30. XI 1940 (На чело на управата на истиот во последната година се наоѓал студентот — комунист Миленко Танасковиќ, кој загинал во текот на НОБ.)

15) По правило, редовните годишни собранија на сите студентски друштва се одржувале во ноември — декември во соодветната учебна година. Поради посебни околности тие можеле да се одржат и подоцна, но со одобрение на Деканатот. Во спротивно друштвото престанувало да постои. Таков бил случајот и со ова задоцнето собрание.

прашањето за преиспитување на правилата на здружението и за промената на името во „Здружение на славистите"[16]. Барањето за промената на правилата го мотивирале со нивната застареност и неадекватност. До ваков заклучок дошле при проучувањето и споредувањето на правилата на „Здружението на славистите" на Белградскиот универзитет. Промената на името во „Здружение на славистите" сметале дека ќе овозможи да се прошири полето за работа и „ќе се третираат и прашања кои се однесуваат не само на српскохрватскиот јазик и југословенската книжевност туку и прашања кои се однесуваат на сите словенски јазици и книжевности"[17]. Тоа, всушност, била борба за подеднакво третирање пред сè на сите југословенски јазици и за изучување на литературите на сите народи во Југославија. Секако дека тоа треба да се оцени како придонес на борбата на студентската младина на овој Факултет за извојување на еднакви национални права и слобода на сите народи во Југославија. Од друга страна, тоа барање претпоставувало изучување и на другите словенски јазици, а тоа би ги зацврстило и врските со студентите од другите словенски земји.

Во самостојните литературни творби членовите на ова друштво настојувале да внесат што повеќе револуционерен дух, да ги истакнат проблемите и борбата на работничката класа, да направат осврт на класните и социјалните моменти во делата на југословенските и светските автори[18].Нивните рефеарти, песни, репортажи и др. биле читани и по нив била водена дискусија на состаноците и седниците на ова друштво и на културното друштво „Покрет", односно „Нови покрет"[19]. Во послед-

---

16) АМ, цитиран фонд, к. 44, Записник са оснивачке скупштине стручног удружења за српско-хрватски језик и књижевност, 29. IV 1939; Записник са годишње скупштине студентског стручног удружења за српско-хрватски језик и књижевност, одржане дана 13. XI 1939 г. (Тројцата студенти биле истакнати партиски активисти. Беќо Башиќ и Радован Ковачевиќ, загинаа во текот на НОБ.)

17) Исто.

18) АМ, цитиран фонд, к. 44, Удружење за српско-хрватски језик и књижевност „ОБЈАВА" — 17 април 1940. (за дневниот ред на редовната седница за 21. IV 1940 г. биле пријавени трудовите на студентите: Радован Ковачевиќ под наслов „Дјела Светозара Марковића у српској књижевности на Антон Колендиќ „Нешто о Марину Држићу" и на Милош Џудовић „Социјална поезија Шантића".)

19) Културното студентско здружение „Покрет" било основано 1934 година од народните студенти. Во првата привремена управа се наоѓале: Вук Павичевиќ, Душко Поповиќ и Руменка Хаџи Панзова. Целта на ова здружение била да ги собере сите студенти на факултетот и со сите средства да ја унапреди културно-воспитната работа меѓу студентите и да придонесе за ширење на културата надвор од факултетот во сите краеви. Неговата активност се одвивала преку живиот збор на неговите членови на состаноците и културните приредби и преку напишаниот збор: реферати, песни, раскази, осврти и сл. Факултетските власти добро биле уплатени во неговата работа и не можеле да ја

ната година 1940/41 била покрената иницијатива за издавање на едно списание, орган на друштвото за српскохрватски јазик и књижевност[20].

На педагошко-филозофската група на факултетот имало значителен број напредни студенти од сите краеви на земјата. Но до основањето на Студентското педагошко-фалозофско здружение дошло релативно доцна. Акцијата за неговото формирање во летниот семестар на учебната 1938/39 година ја водат познати активисти, некои од нив веќе подолго членови на КПЈ или скоевци: Блажо Орландиќ, Бошко Шиљеговиќ, Душан Поповиќ, Илија Кишиќ, Десанка Мириќ, Боро Чушкар и др. Советот на Филозофскиот факултет ги одобрил неговите правила во јуни 1939 година, а првата основачка конференција била одржана во ноември 1939 година. Независно од ова, од јуни до ноември 1939 година постоел Одбор за основање и тој ги водел сите активности во врска со здружението. Дека напредните студенти наполно го имале во свои раце здружението и по првото редовно собрание, ни сведочи и фактот што на чело на новата управа бил избран Бошко Шиљеговиќ. Предложената листа била едногласно прифатена . Истиот успех се повторил и на следното годишно собрание во ноември 1940 година. Единствената листа на чело со Душан Тасковиќ и Јеремије Илиќ била едногласно прифатена[21].

---

толерираат неговата изразито напредна ориентација и барале погоден повод да го забранат. Поводот го нашле во одржаната комеморативна седница по повод годишнината од убиството на студентот Жарко Маринковиќ во Белград, без учество на претставник од факултетските власти. Тоа се случило на 3 април 1938 година. На веста за забраната на „Покрет", неговите членови и останатите народни студенти објавиле еднодневен штрајк на 8 април 1938 година и барале да се отфрли одлуката за забрана на неговата работа. Факултетските власти во дадениот момент, поради ситуацијата во земјата и на универзитетите дејствувале помирливо и дозволиле да се обнови работата на „Покрет" под ново име „Нови покрет". Основачкото собрание било одржано на 15 мај 1938 г. Сè до априлската војна тоа останало да постои и да ја развива својата културна и прогресивна активност. (за ова види АМ цитиран фонд, к. 44, Студентско удружење „Покрет", Правила Југословенског студентског културног друштва „Покрет". бр. 2424/34; Годишњи извештај Управног и надзорног одбора студ. културног друштва „Нови покрет" о раду у 1939/1940); Записник ванредне седнице Савета Филозофског факултета, 7—8 април 1938.

20) АМ, цитиран фонд, к. 44, Записник са редовне годишње скупштине „Удружења студената за српско-хрватски језик и књижевност" одржане 20. XI 1940.

21) АМ, цитиран фонд, к. 44, Потписници правила студентског Педагошко-филозофског удружења на филозофском факултету у Скопљу, Извештај управе Филозофско-педагошког удружења са своје оснивачке скупштине бр. 1,20 новембра 1939; Извештај о годишњој скупштини „Педагошко-филозофског удружења", бр. 1, 9 децембар 1940. (Јеремије Илиќ бил познат меѓу студентите и под името Јегор Павловиќ — Жигуловски. И двајцата загинаа во НОБ.)

Освен исполнувањето на редовните задачи кои произлегувале од правилата на здружението, неговите членови настојувале да го искористат и за поврзување и воспоставување на поблиски контакти и врски со напредното студентско движење на Белградскиот универзитет. Токму со таква цел во почетокот на декември 1939 година, била изведена и екскурзијата во Белград на 20 членови на здружението под раководството на проф. д-р Душан Недељковиќ[22].

Тие се ангажирале и барале од Деканатот да им се врати нивниот професор по филозофија проф. Недељковиќ, кој заедно со уште тројца студенти бил конфиниран на 12 јануари 1940 година и до 9 декември 1940 година не бил вратен на факултетот, а неговиот предмет останал незастапен[23].

Тие го поддржале барањето на здружението на учителите за учениците кои ги завршуваат учителските школи да можат да се запишуваат на сите групи на Факултетот. Тие се солидаризирале со ваквото барање, бидејќи повеќето од нив имале завршено учителска школа и ги знаеле желбите и можностите на своите колеги да го предложат своето образование[24].

Стручните студентски здруженија најтесно соработувале и со другите студентски здруженија и друштва на факултетот. Во годините спроти априлската војна соработувале и ги координирале своите активности со напредното студентско културно друштво „Нови покрет". Во бурната студентска 1938/39 година претседател на „Нови покрет" била студентката Десанка Мириќ, која истовремено била ангажирана и околу формирањето на Филозофско-педагошкото друштво и влегле во неговата управа[25]. Во следната 1939/40 година на чело на управата на „Нови покрет" се наоѓа Бошко Башиќ, кој, како што видовме веќе, во текот на 1939 година бил еден од главните организатори на акцијата за основање на Стручното студентско здружение за српскохрватски јазик и книжевност. Во „Нови покрет" членувале слушатели од сите групи, што значи дека тие во исто време биле и членови на соодветните стручни здруженија, и во него заеднички ги изнесувале своите творечки интереси, квалитети и резултати од областа на културата и науката, а во исто време вршеле културно и идејно влијание

---

22) АМ, цитиран фонд, к. 44, Студентско-педагошко филозофско удружење — Деканату Филозофског факултета у Скопљу, бр 2326, 30. XI 1939 (Д-р Душан Недељковиќ бил од неколкуте напредни професори на факултетот, кои им давале поддршка на напредните студенти.)

23) АМ, цитиран фонд к. 44, Извештај о годишњој скупштини „Педагошко-филозофског удружења", бр. 1, 9. XII 1940).

24) Исто

25) Десанка Мириќ-Миљовска, денес редовен професор на филозофскиот факултет во Скопје.

на своите колеги и на пошироката јавност преку организирањето разни приредби во Скопје и во внатрешнота на Македонија.

Стручните здруженија во исто време биле членови на Потпорното и репрезентативното здружение на студентите. Неговите годишни собранија и изборите за управата ги спроведувале делегатите од сите студентски друштва и здруженија, чиј број бил сразмерен со бројот на членовите на соодветното друштво. Благодарение на тоа што сите стручни здруженија во споменатиот период биле во рацете на напредните студенти, тие во Потпорното и репрезентативното здружение делегирале свои делегати. Меѓунив честопати се наоѓале и студенти познати со своите активности и во стручните здруженија, како што бил случајот со двајцата напредни студенти во текот на 1939/40 година — Боро Чушкарев и Бошко Шиљеговиќ, првиот на чело на управата на Потпорното здружение, а вториот член на истата[26].

Оваа состојба, односно членовите на Обединетата студентска младина на Филозофскиот факултет во Скопје да членуваат истовремено во своите стручни здруженија и во „Нови покрет" и Потпорното и репрезентативното здружение на студентите, била мошне значајна претпоставка за координирање на сите акции на Факултетот.

На општите студентскии зборови што биле одржувани редовно, а по правило и најчесто организирани од страна на Потпорното репрезентативното здружение, како репрезентативно на сите студенти, учествувале и стручните здруженија. На нив биле поставувани на дискусија највиталните прашања од работата и животот на студентите: одбраната и зачувувањето на автономијата на универзитетот, подигањето на научното и стручното ниво на знаењата на студентите, слободата на самостојната работа и творењето, прашања поврзани со управата на студентскиот дом и менза и сл.[27]

Факултетските власти настојувале во стручните студентски здруженија, како впрочем и во сите други, да имаат увид во нивната ртбота за да можат да ги контролираат нивните активности. Тоа го правеле преку присуството на претставниците на факултетските власти на годишните собранија и редовните седници, како и преку почесните претседатели, кои биле избирани од редовите на професорите, што било регулирано со Уредбата за здружувањето на слушателите на универзитетот.

---

26) АМ, цитиран фонд, к. 47, Потпорно удружење студената филозофског факултета, Скопље, бр. 139, 18, новембар 1939; бр. 141, 18 новембар 1939; бр. 275, 18 новембар 1940.

27) АМ, цитиран фонд, к. 44, „Нови покрет", Објава 18. XI 1939 (повик за општ студентски збор); Господину Декану Филозофског факултета, Скопље 3. II 1939 (молба); Објава бр. 230, 28 мај 1940.

Од 1938 година кога напредното студентско движење на Филозофскиот факултет, како и на другите факултети на трите универзитети, постигнало големи успеси и станало значаен дел од целокупното прогресивно и револуционерно движење во земјата, почнале зачестени против акции на режимот за уништување на автономијата на универзитетот. Факултетските власти, а и полицијата, будно ги следела сите акции на Обединетата студентска младина на Филозофскиот факултет во Скопје и биле загрижени од нивните успеси[28].

Независно од тоа, напредните студенти и натаму настојувале да ја одбранат автономијата на универзитетот. Нивните акции во таа смисла особено зачестиле од 1938 година. Стручните студентски здруженија имале значително место во таа борба. Тие учествувале и на општиот студентски збор од 29. I 1939 година, на кој бил разгледуван проектот на новата Уредба за универзитетот и биле направени повеќе забелешки, измени и барања кои требало да бидат внесени во истата[29].

До средината на учебната 1938/39 година собранијата и седниците на сите студентски здруженија можеле да работат полноправно само во присуство на претставник на факултетските власти, а од средината на споменатата учебна година сакале да воведат преглед и цензура на сите студентски трудови што се читале во студентските стручни и културни здруженија и друштва. Ова било во спротивност со двете уредби: Општата уредба на универзитетот и Уредбата за здружување на слушателите на универзитетот, а ја загрозувало самостојната слободна, културна и научна работа на студентите. Токму поради тоа била испратена претставка до Деканатот на 28. XI 1939 година, заверена со шест печати и потпишана од претседателите и секретарите на сите студентски стручни здруженија и културното друштво „Нови покрет"[30].

Меѓутоа, оваа претставка не била земена предвид, а факултетските власти и понатаму настојувале да воведат забрана, односно цензура на студентските трудови во стручните здруженија и „Нови покрет". Особено настојувале да оневозможат презентирање на трудови со социјален и револуционерен ка-

---

28) АМ, цитиран фонд, Записничка книга од седницата на Советот на Филозофскиот факултет „Записник с редовне седнице савета Филозофског факултета у Скопљу, одржане 21 и 22 децембра 1939, с. 855—878; кутија 7, Поверливи акти, Изјава на Н. Јустинијановиќ, секретар на Филозофскиот факултет, Скопје бр. 68, 9 XII 1939.

29) АМ, цитиран фонд, к. 7, Поверливи акти, Факултетском савету Филозофског факултета, Скопље, бр. 2474 (Резолуција); Б. Ш., Заједничка акција скопских студената са студентима из Београда, Загреба и Љубљане „Наша реч", лист за друштвена, културна и привредна питања, год. I, број 2, Скопје 1939 година с. 5.

30) АМ, цитиран фонд, к. 44, „Нови покрет", Деканату Филозофског факултета, Скопље 28. XI 1939 (Претставка)

рактер во друштвото „Нови покрет“. Факултетските власти настојувале кон него да имаат построг однос отколку кон другите друштва. Овој обид за подвојување на студентските друштва не дал резултат, бидејќи напредните стуненти, во чии раце биле управите на стручните здруженија, заедно со културното друштво „Нови покрет“, решително застанале во одбрана на своите права и ги поддржале протестите и барањата на „Нови покрет“. Прашањето околу цензурирањето на студентските трудови особено се актуелизирале во почетокот на април 1940 година. Од почетокот на април до крајот на мај 1940 година управата на „Нови покрет“, заедно со управите на стручните здруженија, на неколку пати настојувале да воспостават контакт со Деканатот и да се реши ова прашање. Откако не успеале сите овие обиди, стручните здруженија и „Нови покрет“ на 26. IV 1940 година упатиле една претставка до Советот на Филозофскиот факултет во која барале отфрлање на правилникот за цензурирање на студентските трудови, во спротивно пердупредувале дека нема да отстапат и ќе дадат отпор на ваквите чекори на факултетските власти[31]. Бидејќи Советот на својата седница од 15 мај 1940 година ја отфрлил претставката на стручните здруженија и друштвото „Нови покрет“, студентите своето предупредување го исполниле и најавиле еднодневен штрајк на 28 мај, а утредента на 29 мај 1940 уште додека траел штрајкот одржале протестен општ собир[32]. Овој штрајк и сите претходни акции, всушност, биле причина наставата за соодветната учебна година да заврши порано, а деканот ги забранил сите собири до крајот на учебната година. Тоа бил еден од поголемите и масовни штрајкови на студентите за одбрана на автономијата на Факултетот во Скопје во периодот помеѓу двете светски војни.

Членовите на стручните студентски здруженија несебично се ангажирале и во сите акции подготвувани од нивните управи и од другите студентски здруженија, преку кои давале поддршка на борбата на Обединетата студентска младина на белградскиот универзитет, како и на останатите универзитети. По повод големите и масовни студентско-работнички демонстрации од 14 декември 1939 година под раководството на КПЈ

---

31) АМ, цитиран фонд, к. 44, „Нови покрет“, Савету Филозофског факултета, Скопље, бр. 1091, 26. IV 1940.

32) АМ, цитиран фонд, к. 44, Годишњи извештај Управног и Надзорног одбора студентског културног друштва „Нови покрет“ о раду у 1939/1940; Записничка књига... „Записник ванредне седнице савета Филозофског факултета у Скопљу, одржане 1 јуна 1940, с. 37: (Денес во социјалистичка Република Македонија 28 мај се одбележува како ден на студентите на Скопскиот универзитет, во знак на сеќавање на борбата на напредните студенти за одбраната на автономијата на факултетот во 1940 година)

за мир, против војна, против скапотијата, за автономија на универзитетот, за слобода на науката и сл., а и поради крвопролевањата што се случија при судирот на полицијата со демонстрантите студентите на скопскиот Филозофски факултет презедоа акции на солидарност со демонстрантите. Тие испратија поздравно писмо до студентите и работниците во белградските демонстрации, а протестно писмо до Влатко Мачек. На 16 декември 1939 година во дворот на Филозофскиот факултет во Скопје бил одржан митинг на кој по повод демонстрациите во Белград зборувале студентите комунисти Добривоје Видиќ и Антон Колендиќ[33]. Во овие акции на солидарност исто така се ангажирале и стручните здруженија на Факултетот.

Стручните студентски здруженија учествувале и во подготвувањето и изведувањето на заедничките излети со културните, Потпорното и репрезентативното и спортските здруженија. Овие излети биле изведувани во околината на Скопје, по селата и градовите во внатрешноста на Македонија. Најчесто за нив била подготвувана разновидна културно-уметничка и спортска програма, а биле реализирани со селската, средношколската и работничката младина од соодветното место. Приредбите биле масовно пасетувани од населението. Вакви излети биле изведени во пролетта 1939 година во Велес, во пролетта 1940 година во Тетово и повеќе излети во скопските села[34].

Стручните студентски здруженија претставувале мошне значаен сектор за развивање на сестрана работа на напредните студенти во нив и преку нив за обезбедување на раководна улога во целокупното студентско движење на Факултетот. Овој успех на напредните студенти во стручните здруженија и воопшто во создавањето на единственото напредно и револуционерно движење на Филозофскиот факултет во овој период бил овозможен од повеќе поволни околности: од повеќегодишната борба на напредните студенти во претходните години, од поголемиот прилив на напредните средношколци на Факултетот особено Македонци, од организационото обновување на

---

33) Милица Дамјановић Напредни покрет студената Београдског универзитета, књ. друг аБеоград 1974, с. 347—353; АИНИ, ф. Јашар Неџат папка IV, ин. бр. 5351 (Друга скопска жандармериска чета, пов. бр. 1779, 19. XI 1939 — Начелнику штаба III област (изводи од извештајот)

34) АМ, цитиран фонд, к. 44, „Нови покрет". Томо Б. Јовановић „Један наш излет" — Репортажа (за излетот во Велес); Извештај управног и надзорног одбора Академског спортског удружења на Филозофском факултету (за 1939/1940); АИНИ, Реконструкција на напредното студентско движење на скопскиот Филозофски факултет меѓу двете светски војни (15. XII 1976), с. 19 (неавторизиран материјал)

партиската организација за Македонија[35], од формирањето на партиската и скоевската организација на Факултетот[36] и од разраснувањето на демократското и револуционерното движење на широките маси во земјата пред војната.

Напредните студенти во стручните здруженија наполно ја исполниле својата задача, успеале да ги направат упоришта на борбената — револуционерна студентска младина на скопскиот Филозофски факултет. Извесен број од нив, поради својата револуционерна дејност биле казнувани од факултетските власти со разни казни, биле принудувани да го напуштат Факултетот за извесно време или засекогаш, но тоа не ги поколеба да останат доследни на своите револуционерни идеи[37]. Скоро сите активно се вклучиле во НОБ и револуцијата во разни краеви на Југославија. Околу четириесет студенти и еден професор на овој Факултет загинаа во текот на НОБ.

---

35) Во средината на 1939 година во присуство на претставник на ЦК КПЈ бил формиран ПК КПЈ за Македонија. Секретар на истиот бил студентот на овој факултет Блажо Орландиќ. Меѓутоа, овој ПК не работел во полн состав, а неговата работа била сосема отежната по апсењето на Блажо Орландиќ на 12 јануари 1940 година. Светозар Вукмановиќ — Темпо бил испратен од страна на ЦК КПЈ да помогне на Партиската организација во Македонија. Во април 1940 година, во присуство на Светозар Вукмановиќ и Сретен жујовиќ, бил формиран нов ПК КПЈ за Македонија. Во исто време биле организационо консолидирани и способни за акции и партиските организации на теренот. Во овој период биле формирани и ПК на СКОЈ за Македонија и МК на КПЈ и МК СКОЈ за Скопје, (за ова види кај: Славка Фиданова, Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје и околијата во годините спроти априлската војна, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1978, с. 297—336; Велимир Брезовски, Состојбата и дејноста на КПЈ во Скопје во 1940 и 1941 г. до војната, „Скопје во НОВ 1941". Скопје 1973, с. 11—15.

36) Исто: Корубин Благоја, Македонските студенти на скопскиот Филозофски факултет во учебната 1940/41. „Скопје во НОВ 1941", Скопје 1973, с. 57—59. (На Филозофскиот факултет постоела една партиска организација со околу 15 членови и две скоевски групи.)

37) Само во врска со организирањето и учеството во споменатиот штрајк и одржаниот студентски збор на 28 и 29 мај 1940 година биле казнети тројца студенти: Бошко Шиљеговиќ, Беќо Башиќ и Слободан Делетиќ. Ним им бил забранет упис во следните два семестри на овој Факултет.)